Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-263/1
20-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-820/1 од 24.11.2023 година поднесена од [redacted] во име на група жители на населба „Три Багреми", против Општина Прилеп и градоначалникот Борче Јовчевски, за извршена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.1.2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Прилеп и градоначалникот Борче Јовчевски врз група жители на населба „Три Багреми".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-820/1 од 24.11.2023 година, од [redacted] во име на група жители на населба „Три Багреми", за сторена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, од страна на Општина Прилеп и градоначалникот Борче Јовчевски.

Согласно наводите од претставката, населбата „Тризла" се карактеризира со неповолни социјално – економски услови на нејзините жители, при што мнозинството од нив припаѓаат на ромската етничка заедница, кои сочинуваат околу 6% од вкупното население на Општина Прилеп – околу 8000 граѓани. [redacted] истакнува дека делот од населбата Тризла познат како „Три Багреми" е речиси исклучиво населен од Роми, кои живеат во куќи од цврста градба кои жителите самостојно ги изградиле. Ваквите куќи никогаш не биле легализирани, иако дел од жителите се обиделе тоа да го направат со доставување на елаборати до секторот за урбанизам за поведување на соодветната постапка за легализација. Во претставката е истакнато дека и покрај пројавениот интерес за легализација на домовите, сериозна пречка претставува фактот што овој дел од градот не е дел од Деталниот урбанистички план (ДУП) на Општина Прилеп. Подносителот наведува дека Ромите во овој дел на градот се речиси гетоизирани и живеат на работ на елементарната егзистенција, дополнително на фактот што се опкружени со земјен (најчесто каллив) пат и со години без пристап до чиста и безбедна вода. Во однос на наводите за пристапот до вода, се повикуваат на претходно донесено Мислење од страна на Комисијата, со кое Комисијата утврди директна дискриминација извршена од Општина Прилеп врз основ на раса, боја на кожа, етничка припадност, социјално потекло и имотна состојба во областа на пристапот до добра и услуги.

Во продолжение на претставката е истакнато дека на 8.11.2023 година, при официјална посета на ромското население на населба „Тризла" од страна на претставници од правниот тим на [redacted] при што целта на ваквата посета била да се разговара на тема сегрегација на учениците Роми во ООУ „Добре Јовановски" во врска со поднесената претставка 08-506, подносителите биле информирани дека еден од најголемите проблеми со кои во моментот се соочува локалното ромско население

претставува фактот што Ромите кои живеат во делот од населбата познат како „Три Багреми" немаат пристап до асфалтиран пат и до нивните домови единствено се стигнува по земјен пат кој станува каллив при врнежи, како и непрооден и дополнително ги отежнува условите на живеење за овој дел од градот. Дополнително е наведено дека најзасегнати од ваквиот проблем се најмладите членови на заедницата – децата, од кои се очекува да го посетуваат задолжителното основно образование и покрај инфраструктурните пречки кои постојат на патот од нивните домови до најблиското основно училиште ООУ „Добре Јовановски". Притоа родителите, кои и покрај социо-економските предизвици со кои се соочуваат и обидите да ги пратат децата чисти и уредно облечени на училиште, поради калливиот пат кој децата секојдневно треба да го минуваат со цел да стигнат до училиште, истите најчесто пристигнуваат валкани поради што се подложни на потсмев и дискриминација од страна на останатите ученици и наставниот кадар. Оттука, подносителот тврди дека поради ваквиот проблем на пристапност и сегрегација на учениците Роми, дел од родителите на децата кои живеат во делот од Тризла наречен „Три Багреми" решаваат воопшто да не ги праќаат своите деца на училиште.

На крајот на претставката, подносителот истакнува дека за разлика од „Три Багреми", во сите останати делови на Општина Прилеп кои се населени со семејства кои не се од ромска етничка припадност, улиците се асфалтирани, а патот до најблиските училиште е прооден за учениците.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 5.12.2023 година испрати Известување бр. 08-820/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Прилеп и нејзиниот градоначалник Борче Јовчевски.

На ден 22.12.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Општина Прилеп како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација.

Во одговорот е наведено дека со цел Општина Прилеп да се произнесе по наводите во претставката за заштита од дискриминација бр. 08-820, на 7.12.2023 година барањето за произнесување било упатено до Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина. Притоа, од страна на конкретниот сектор, на 15.12.2023 година е одговорено дека Општина Прилеп, односно Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во соработка со Министерството за транспорт и врски континуирано работи на изработка на урбанистичко–планска документација, нејзино усогласување со позитивната законска регулатива и донесување на истата. Оттука, во продолжение е наведено дека ваквата постапка е долга поради тоа што мора да помине низ повеќе филтри за кои е потребно време и финансиски средства кои мора да бидат предвидени во буџетот на Општина Прилеп.

Во ваквото произнесување дополнително е наведено дека сериозна пречка за да се реализира асфалтирањето на клучните улици во населбата „Тризла", во делот „Три Багреми" претставува фактот што за овој дел од градот, како и за многу останати делови, Општина Прилеп нема донесено детални урбанистички планови, кои се од големо значење со цел изработка на основни проекти и нивно тендерирање, а сето тоа предизвикува значителни финансиски импликации односно повисоки финансиски средства кои треба да бидат издвоени и предвидени во буџетот на Општина Прилеп.

Земајќи ги предвид наводите во претставката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена

дискриминација од страна на Општина Прилеп и градоначалникот Борче Јовчевски врз група жители од населено место „Три Багреми".

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Во конкретниот случај, поради фактот што населеното место „Три багреми" во населба Тризла не е дел од донесениот детален урбанистички план за Општина Прилеп, истото претставува пречка за урбанизација и асфалтирање на предметните улици кои се посочени во претставката за заштита од дискриминација. Имајќи го во предвид фактот дека во 2022 година бил донесен Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, за плански период 2022-2027, при носењето на конкретниот ДУП, а и останатите веќе донесени урбанистички планови, не била опфатена и обласа на населбата Тризла - конкретно делот наречен „Три Багреми", при што истите не претставуваат единствен дел од градот за кој општината нема донесено детален урбанистички план. Оттука, кон асфалтирање на посоченото населено место би можело да се пристапи кога тоа би било дел од урбанистичкото планирање на Општина Прилеп.

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Прилеп и градоначалникот Борче Јовчевски врз група жители од населба „Три Багреми".

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
20.2.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Општина Прилеп, Градоначалник Борче Јовчевски, ул. ,,Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп